ООУ ,,СЛАВКО ЛУМБАРКОВСКИ,,-НОВАЦИ



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

**Учебна 2021-2022 година**

**Јуни 2022 година**

***Вовед***

Годишниот извештај за работата на ООУ„Славко Лумбарковски“ – Новаци е изработен врз основа на новиот Закон за основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 год., анекс програмите кои се составен дел на Годишната програма, Извештајите и укажувањата од увидите на одговорниот советник на Бирото за развој на образованието ПЕ Битола, државниот просветен инспекторат, Совет на родители и Училишниот одбор.

Извештајот за работата на училиштето опфаќа:

- Подготовки за работа на училиштето;
- Резултати од реализацијата на воспитно-образовната дејност предвидена со Годишната програма за работа на училиштето
- Прилози – табеларни прегледи за успехот, поведението на училиштето, преглед по предмети и пол и преглед на описното оценување

Извештајот е изработен од страна на стручната служба и директорот на училиштето во соработка со наставниците.

## 1. *Лична карта на училиштето*

Основното училиште „Славко Лумбарковски“ – Новаци работи од 1956 година.

Со децентрализацијата тоа е во проширен состав кое опфаќа повеќе села од Пелагониската Котлина. Во состав на централното училиште кое се наоѓа во с. Новаци влегуваат подрачните училишта лоцирани во следните села: Рибарци, Добромири, Горно и Долно Агларци, Далбеговци, Рапеш, Бач, Гермијан и Живојно.

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | ***ООУ„Славко Лумбарковски“*** |
| Адреса | ***Новачки пат ББ*** |
| Општина | ***Новаци*** |
| Телефонски број | ***047/ 28 24 46*** |
| е-маил | ***slnovaci@gmail.com*** |
| Директор | ***Вецко Стојчевски*** |
| Број на вработени | ***70*** |
| Наставен јазик | ***Македонски јазик*** |

## *2. Подготвеност на училиштето за работа на почетокот на учебната година*

Во учебната 2021/22 година во месец август, поради подобрување на просторните услови за работа се извршени следните интервенции:

- Генерално чистење на сите простории во Централното и Подрачните училишта и дезинфекција на сите простории
- Дезинфекција на санитарните јазли
- Дезинфекција и дератизација на училиштата
- Средување на катчињата во училниците

- Средување на спортската сала
- Средување на училишните дворови и чистење на одводните канали

***Реконструкции и инфраструктурни зафати од буџетот на училиштето и општината:***

- Дел во Централното училиште и Подрачните училишта целосно се бојадисани
- Донација на ТВ приемници компјутери за реализација Новата концепција за основно образование во прво и четврто одделение
- Донација од градоначалникот на општина Новаци на таблети за учениците од четврто одделение
- Започната целосна реконструкција на ПУ Добромири
- Подарок од општина Козина-Хрпеље Република Словенија на дефибрилатор за училиштето
- Набавка на противпожарни апарати за Новаци
- Донација од МОН кабинет по Природната група на предмети

## 3. *Ученици*

Опфатени 235 ученици од I (прво) до IX (деветто) одделение, распоредни во 27 паралелки. Од нив 107 ученици во 15 паралелки во одделенска настава, 128 ученици во 12 паралелки се во предметна настава, 4 ученици се испишаа од училиштето поради преселување или иселување.

### *4. Наставен кадар*

Воспитно-образовната работа ја организираа и изведуваа: директор, помошник директор, раководител во подрачно училиште, стручна служба: педагог, психолог, дефектолог, библиотекари 3, 44 наставници и тоа: 15 наставници во одделенска настава и 29 во предметна настава, еден наставник во дневен престој, а наставата се изведува во една смена на македонски јазик.

### *5. Задолжителна настава*

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик и се реализара во една смена. За успешно реализирање на наставата навремено беше изготвена Годишната програма на училиштето, програмата на наставничкиот совет, стручните активи, совет на родители, родителските состаноци, ученичката заедница, одделенскиот раководител, подмалдокот на Црвениот крст, општествено корисна работа, здравствена заштита, беа планирани екскурзии, проектот за разрешување на конфликт и воспитна функција на училиштето, заедничка грижа за учениците и други проекти кои се реализираа во минатиот период.

Воспитно-образованиот кадар е соодветно застапен по сите наставни предмети. Во оваа учебна година 2021/22 се остварија вкупно 160 работни денови, поради пандемијата од Ковид -19 во месец јануари и генерален штрајк на СОНК во месец април.

Редовната настава започна на 01-09-2021 година со мерки поради пандемијата од Ковид-19 и се реализира согласно Скратена програма поради пандемијата од Ковид-19 и генерален штрајкот на СОНК , а заврши на 09-06-2022 година.

Наставта се реализираше според одлуката на МОН со физичко присуство од I до IX одделение Согласно со Законот за основно образование во училиштето се реализира: задолжителната настава, изборната, дополнителната и додатната настава. Од состаноците со одделенските совети и наставничките совети се констатира дека според скратената програма наставата целосно е реализирана по сите наставни предмети. Анализата и успехот по одделенија и предмети е даден во прилог на овој извештај.

Периодично и по потреба беше разгледуван успехот и поведението на учениците на наставнички и одделенски совети (кои се реализираа online) и со физичко присуство, а исто така беше презентиран пред училишниот одбор.

### *5.1 Изборна настава*

Изборната настава во учебна година се реализираше преку следните наставни предмети и во следните одделенија:

1. Етика во религиите - 6а, 6б одд. (Новаци); 6 одд. (Бач).
2. Проекти од информатика – 7а, 7б, 7 Бач одд. Вештини на живеење(Бач).
3. Изборен спорт-8а,8б (Новаци).,. 8 одд. Изборен спорт (Бач).
4. Програмирање– 9а,9б, и 9 одд. (Бач).

### *5.2. Дополнителна настава*

Дополнителната настава се организира од II – IX одд со физичко присуство. Со учениците кои имаат повремени тешкотии во учењето и заостануваа во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. Застапеноста и организацијата на дополнителната настава е планирана во распоредот на работното време на наставниците и во целост се реализира според планирањата за наставната програма, а од оваа учебна година се води во посебни обрасци.

### *5.3. Додатна настава*

Додатната настава се реализира со учениците кои во текот на задолжителната настава постигнуваат повисоки резултати или пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделени наставни подрачја. Содржината на додатната настава се организира според посебни програми и во целост се реализираа според планирањата за наставниците и оваа учебна година се води во посебни обрасци.

Додатната настава во сите одделенија се реализираше со физичко присуство по сите наставни предмети според потребите на учениците, односно за оние ученици кои покажаа интерес и во текот на полугодието

### *5.4. Воннаставни активности*

### 5.4.1 *Слободни ученички активности*

Слободните ученички активности се реализирани според планирањата на наставниците и Годишната програма за работата на училиштето. Овие активности беа реализирани преку следните проекти:

- Настава во блиската околина по ФЗО- предметна настава
- Работилници за online УЧЕЊЕ
- Одбележување денот на децата со попреченост
- 1 декември Ден на борба против СИДАТА
- Дедо Мраз меѓу нас

Воннаставните активности се реализираа со физичко присуство и секој наставник ја евидентираше на посебен образец даден од МОН

### *5.4.2 Ученички натпревари*

Учениците поради пандемијата од Ковид-19 делумно учествуваа на натпревари по наставни предмети

Оваа година се организираа натпревари од фредерацијата за училишен спорт и натпревар по математика Кенгур, на кои зедоа учество ученици од петто до деветo одделение и натпревар по Англиски јазик.

Под менторствона наставниците по ФЗО освоени се слените места:

Прво место на републички натпревар -женската екипа во футсал

Прво и второ место атлетика на републички натпревар

Прво место пинпонг-екипно на општински натпревар

Второ место пинпонг-индивидуално на општински натпревар

Трето место по Англиски јазик на општински натпревар

### *5.4. 3 Ученички ексурзии*

Ученичките екскурзии се планирани во Годишната програма за работа но не се реализираа поради пандемијата од Ковид-19, а според протоколите за реализација на наставата по ФЗО организирани се повеќе излети во природа за реализација на наставата и грижа за здравјето на учениците.

### *5.4.4 Грижа за здравјето на учениците*

Оваа учебна година се посвети посебно внимание на хигиената поради пандемијата од Ковид-19. Донесени се повеќе протоколи за физичко присусво на наставата каде доследно се спроведуваа и на големо задоволство можеме да констатираме дека немаше заразени ученици од Ковид-19

Покрај планираните активности во вид на разни предавања за здравствената заштита извршени се вакцинирања и систематски прегледи на учениците од I-IX одд, во Школска Медицина - Здравствен Дом-Битола.

Според предвидените активности во Годишната програма беа реализирани активности од различни области како што се:

- Почитување на протоколите за физичко присуство во наставата
- Редовна хигиена предуслов за здравјето – предавање
- Предавање-превенција и заштита од заразни болести-имунизација ЦЈЗ
- СИДА,
- Заштита од грип,
- Превенција од вошки.
- Работилници-стручна служба педагог-психолог, дефектолог „Како да се заштитиме од Ковид-19,, ,,Насилство,, ,,Врсничко насилство,, ,,Насоки за online учење,, :,,Почитување на различностите-кај учениците со попреченост,,

## *5. Планирање и унапредување на воспитно-образовната програма*

**Изготвената Годишна програма за работа на училиштето** ги содржеше соодветно поставените основи на програмирање и планирање на воспитно-образовната дејност, но пради пандемијата и штрајкот на СОНК целосно не се реализира.

**Педагошката евиденција и документација** е водена според постојните правилници на МОН, а исто така редовно преку редовни извештаи на комисијата за следење на е-дневникот, се вршеше контрола на водењето на евиденцијата и документацијата од страна на директорот и стручната служба, а ДПИ донесе позитивно мислење за водење на е-дневникот.

Навремено се изработени годишни програми за работа, тематско-процесни планирања по наставните предмети според скратената програма од страна на наставниците.

### *6.1 Проекти за унапредување на воспитно-образовната програма*

Во училиштето се реализираат следните проекти:

- Активна настава – интерактивно учење
- Унапредување на наставата по природната група на предмети
- Здравствено образование – здрава исхрана
- Инклузија на деца со посебни потреби
- Проект за меѓутеничка интеграција на младите во образованието
- Проект за примена на асистивната технологија
- Интегрирана еколошка едукација – реализација на проект на МОН
- Заедничка грижа на учениците
- Проект од Британскиот совет за директори и наставниот кадар.

Тимот за професионален развој започна Проект од Британскиот совет со реализација на работилници и обуки, а целта е секој наставник да ги усовршува своите компетенции во сите подрачја на воспитно-образовниот процес, а ваквите активности се реализираа на сите стручни активи.

Работилници кои беа одржани и дадени се насоки за: Водење на новата педагошка евиденција и документација-одделенски дневник, водењето на дополнителна, додатна настава и вонннаставни активности, планирање на наставата во комбинирани паралелки и упатството за вонннаставни активности

Како продолжение на стручното усовршување на наставниците се:

- online обуки  организирани од БРО
- online обуки организирани од МОН
- online обуки од различни провајдери

### *7. Соработка со локалната заедница и совет на родители*

#### 7.1 Соработката со локалната заедница

Соработката со локалната заедница се одвиваше во правец на реализација на следните активности:

- Реконструкција и санирање на подрачни училишта
- Заедничка грижа на учениците
- Секојдневни контакти и учество во активности организирани од локалната самоуправа

#### 7.2 Соработка со совет на родители

Советот на родители активно учествуваше во организацијата и реализацијата во Заедничката грижа на учениците реализирани се повеќе активности и тоа

- Почитување на протоколите за наставата со физичко присуство
- Организирање на родителите за носење и испраќање на учениците во определените термини

Исто така членовите од Советот на родители активно учествуваа во работата на Училишниот одбор

### *8. Следење и реализација  на наставата и наставниот процес*

Во функција на унапредувањето на наставата и наставниот процес од страна на директорот и стручната служба секојдневно се следеа активностите на наставата, исто така директорот и помошниот директор ги посетија одреден број на наставници. Стручната служба изврши повеќе разговори со ученици кои покажаа слаб успех, а исто така во ПУ ја следеше настава во одделенска настава за реализација на новата Концепција за основно образование.

Увид на педагошката евиденција, реализацијата на наставата, следење на воспитната функција на училиштето, збогатување на наставниот процес со нови пристапи и др.

Од страна на ДПИ беше извршена инспекциска контрола преку следење на работата на училиштето, проверка на водење на педагошка евиденција во е-дневник, запишани ученици во I одделение со позитивни извештаи.

Активности кои дадоа придонес за вреднување и унапредување на воспитно-образовната дејност беа:

- Грижа за здравјето на учениците од Ковид-19
- Успешна припрема на училиштето за реализација на програма и почитување на сите мерки
- Измените и дополнувањата во сите програмски структури на училиштето
- Измени и дополнувања за децата со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето
- Продолжување, ревидирање и изработка на ИОП
- Продолжување на водење на портфолио за наставникот и професионалниот развој на наставниците
- Постојаната грижа за стучнотото усовршување на наставниот кадар
- Активно учество на сите субјекти во остварувањето на воспитно-образовната работа
- Реализацијата на програмата на наставничкиот совет, програмата на одделенските совети и раководителите на паралелките

***9. Успех на учениците***

На крајот од првото полулодие учениците го постигнаа следниот успех и поведение:

| Одделение | Среден успех |
|---|---|
| **IV** | 3,57 |
| **V** | 4,73 |
| **VI** | 4,17 |
| **VII** | 3,82 |
| **VIII** | 4,14 |
| **IX** | 4,09 |
| **IV- IX** | ***4,10*** |

Постиганиот успех од IV – IX одд. е **4,10**, во однос на изминататите учебни години можеме да бидеме задоволни, бидејќи успехот на учениците во изминатото година беше 4,13 односно разликата беше 0,03 што може да се каже дека е мала разлика во однос на предходната година и е во рамките на статистичка грешка.

***10. Заклучни согледувања и предлог мерки за подобрување на состојбите***

***Како извесни слабости кои се дијагностицирани и на кои треба да им се обрне внимание се:***

- Потреба од компјутерски уреди за наставниците
- Ненавремено и сеопфатно планирање
- Ненавремено планирање на годишните програми и тематско-процесните планирање

- Користење на различни пристапи во наставата – користење на други ресурси надвор од литературата која се користи

***Активности кои понатаму ќе бидат планирани со цел подобрување на воспитно-образовната работа се:***

- Планирање и изработка на нови планирања за II и V одделение според новите наставни програми според концепцијата за основно образование
- Активно учество на сите субјекти во остварување на воспитно-образовната работа
- Интерни обуки, работилници и десиминации за настава со физичко присуство
- Водење на наставничко портфолио и план за професионален развој
- Ученички портфолиа во предметна настава
- Користење на различни ресурси во наставата-односно сите опции на користење на платформата Microsoft Teams, ако учебната година непочне со физичко присуство.
- Користење на различни технологии во наставата и стратегии во наставниот процес-во наставата со физичко присуство
- Користење на различни видови, начини и  инструменти за оценување во наставата

30-06-2022 Директор

Новаци Вецко Стојчевски

---------------------------